С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес Излегува по потреба	**Број 2 година XL** **05 АПРИЛ 2004**	Претплата за 2004 година -500 ден. **жиро с-ка 300-2700000041-45**

24.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за дополнување на одредбите на Основниот урбанистички план на Велес

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за дополнување на на одредбите на Основниот урбанистички план на Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 01 април 2004 година.

Број 0801-708/1
02 април 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 21а од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ" бр.4/96; 28/97; 18/99 и 53/01), а во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот („Сл.весник на РМ" бр.2/02 и 5/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 01.04.2004 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за дополнување на одредбите на Основниот урбанистички план на Велес

Член 1

Во Одлуката за дополнување на одредбите на Основниот урбанистички план на Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.7/83 и 3/99) се врши измена и дополнување во член 6 став 2 зборовите „Главниот архитект на градот" се бришат и се заменуваат со зборовите „Одделение за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина".

Член 2

Во член 8 од Одлуката зборовите „H=7,40 м" се бришат.

Член 3

Членот 10 од Одлуката во целост се брише и се заменува со следниот текст:

„Во Законот за домување определено со урбанистичкиот план или општ акт, при планирањето на нови објекти за домување, доградба или надградба на постојните објекти, минималното растојание од најистуреният дел на планираниот објект освен стреа, до границата на соседните урбанистички парцели, односно до тротоарот на сообраќаницата изнесува 1/4 од планираната висина, но не помалку од 1,2 метри".

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-701/2
01.04.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

25.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на ДУП за дел од МЗ "Алексо Демниевски" локалитет "Благој Ѓорев" Велес

Се прогласува Одлуката за измена и

дополнување на ДУП за дел од МЗ "Алексо Демниевски" локалитет "Благој Ѓорев" Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 01 април 2004 година.

Број 0801-708/2
02 април 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 18, став 1,точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.52/95) член 22, став 3 и 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.4/96, 28/96,28/97,53/01), и член 23 став 1,точка 15 од Статутот на Општина Велес бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 1.04.2004 година донесе:

О Д Л У К А
на измена и дополнување на ДУП за дел од МЗ"Алексо Демниевски" локалитет "Благој Ѓорев" Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на ДУП за МЗ "Алексо Демниевски" локалитет "Благој Ѓорев" донесен од страна на Собранието на Општина Титов Велес со Одлука за донесување на урбанистички план за раелизација на станбен коплекс "Алексо Демниевски" Титов Велес бр.08-2117 од 29.09.1987год.

Измената и дополнувањето на Деталниот урбанистички план се изработени според Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот ("Сл..весник на РМ."бр.2/02;50/03).

Член 2

Просторот за кој се однесува измената и дополнувањето на ДУП за дел од МЗ "Алексо Демниевски" локалитет "Благој Ѓорев" Велес е со површина на урбано подрачје од 1,0ха.

Во докумантационата основа и во планираниот развој опфатот е еден урбан блок.

Предметниот локалитет е дефиниран со следниве граници:

-на југоисток на ул"Благој Ѓорев"; на југозапад ул"Народен фронт";на северозапад ул"Прва Комуна" и на североисток новопредвидена станбена улица и североисточната страна на КП 6723/2.

Основна функција на планираниот локалитет е домување - самостојни куќи и заеднички станбени објекти со јавни функции (администрација и услужни дејности).

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

- Текстуален дел и Графички дел со одредби за спроведување на измена и дополнување на ДУП за дел од МЗ "Алексо Демниевски" локалитет "Благој Ѓорев" Велес.
- Стручна ревизија на Нацрт - измена и дополнување на ДУП за дел од МЗ "Алексо Демниевски" локалитет "Благој Ѓорев" Велес
-Согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје.
- Извештај од јавна анкета со образложение за неприфатени забелешки .

Член 4

За измена и дополнувањето на ДУП за за дел од МЗ "Алексо Демниевски" локалитет "Благој Ѓорев" Велес има добиено Согласност од Министерството за транспорт и врски -Скопје бр.13-13141 од 29.10.2002 година.

Член 5

Измената и дополнувањето на ДУП за дел од МЗ "Алексо Демниевски" локалитет "Благој Ѓорев" Велес ги потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Велес во 4 (четири) примероци од кои еден примерок задржува доносителот на Планот,а останатите примероци се доставуваат до ПЕ на Министерството за транспорт и врски -Велес.

Член 6

Измената и дополнувањето на ДУП за дел од МЗ "Алексо Демниевски" локалитет "Благој Ѓорев" Велес ќе ги спроведува Министерството за транспорт и врски- ПЕ Велес .

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник" на Општина Велес.

Број 0701-701/3
01.04.2004 година
Велес

Председател
на советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

26.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за донесување на ДУП за Тунел 1 -локалитет "А"

Се прогласува Одлуката за донесување на ДУП за Тунел 1-локалитет "А", што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата

одржана на 01 април 2004 година.

Број 0801-708/3
21 април 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 18, став 1,точка 2 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ" бр.52/95) член 22,став 3 и 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.4/96, 28/96, 28/97, 53/01), и член 23 став 1,точка 15 од Статутот на Општина Велес бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 01.04.2004 година донесе:

О Д Л У К А
за донесување на Детален урбанистички план Тунел 1-локалитет "А"

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за Тунел 1 -локалитет "А" .

Документацијата за деталниот урбанистички план е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистико планирање и Правилникот за стадарди и нормативи за планирање на просторот.

Член 2

Просторот за кој се однесува Деталниот урбанистички план за Тунел 1 -локалитет "А" е со површина на урбано подрачје од 1,50 ха.

Во докумантационата основа и во планираниот развој опфатот е еден урбан модул.

Дефинирана е следнава граница на урбаното подрачје: на север осовината на постојната улуца "Благој Ѓорев", продолжува на северо-запад до просекот со осовината на постојната ул "Белградска";на југо-запад осовината на ул "Белградска"; на југо исток осовината на ул "Белградска" до постојната ограда на детската градинка "Димче Мирчев";на северо-исток по постојната ограда на истата градинка, до почетната точка.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

– Текстуален дел и Графички дел со одредби за спроведување на ДУП за Тунел 1 - локалитет "А".

- Стручна ревизија на Нацрт - донесување на ДУП за Тунел 1 - локалитет "А".

- Согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје.

- Извештај од јавна анкета со образложение за неприфатени забелешки .

Член 4

За донесувањето на ДУП за Тунел 1 - локалитет "А" има добиено Согласност од Министерството за транспорт и врски -Скопје бр.13-3091 од 23-03.2004година.

Член 5

Документацијата за ДУП за Тунел 1 - локалитет "А" ја потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Велес во 4 (четири) примероци од кои еден примерок задржува доносителот на Планот, а останатите примероци се доставуваат до ПЕ на Министерството за транспорт и врски -Велес.

Член 6

Одредбите на ДУП за Тунел 1- локалитет "А" ќе ги спроведува Министерството за транспорт и врски- ПЕ Велес .

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-701/4
01.04.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

27.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за воспоставување на Програма за локален економски развој на Општина Велес

Се прогласува Одлуката за воспоставување на Програма за локален економски развој на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 01 април 2004 година.

Број 0801-708/4
02 април 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 23, став 1, точка 15, а во врска со член 15, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 01.04.2004 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за воспоставување на Програма за локален економски развој на Општина Велес

Член 1

Општина Велес со Проектот за реформа на локалната самоуправа, во името на Агенцијата за меѓународен развој (УСАИД) на Владата на Соединетите американски држави, учествува во воспоставувањето на локален економски развој.

Член 2

Локалниот економски развој ќе се воспостави преку Програма за локален економски развој на Општина Велес.

Член 3

Локалниот економски развој ќе се институционализира преку, координатор за економски развој, канцеларија и обучен одбор за планирање.

Член 4

Координаторот за економскиот развој, со полно работно време го именува градоначалникот.

Член 5

Одборот за планирање на економскиот развој е составен од претседател и 8 членови кои по предлог на Комисијата за избор, именување и мандатни прашање ги именува Советот на Општината со мандат од 4 години.

Член 6

Програмата за локален економски развој ја донесува Советот на Општината по предлог на Одборот за планирање на економскиот развој.

За спроведувањето на Програмата од претходниот став на овој член се грижи градоначалникот и Одборот за планирање на економскиот развој.

Член 7

Општината Велес обезбедува простор и административно технички услови за воспоставувањето на локалниот економски развој.

Член 8

Градоначалникот, Советот и Одборот, во духот на соработка учествуваат во изготвувањето и спроведувањето на Програмата за локален економски развој.

Член 9

Оваа Одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-701/5
01.04.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

28.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за отуѓување на основни средства товарно моторно возило кипер ФАП и утоварувач

Се прогласува Одлуката за отуѓување на основни средства товарно моторно возило кипер ФАП и утоварувач, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 01 април 2004 година.

Број 0801-708/5
02 април 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 23, став 1, точка 10 од Статутот на Општина Велес (”Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 01.04.2004 година, донесе

О Д Л У К А
за отуѓување на основни средства товарно моторно возило кипер ФАП и утоварувач

Член 1

Се отуѓуваат основни средства на Општина Велес и тоа:

- товарно моторно возило кипер ФАП, тип 1920 ВК, година на производство 1978, број на шасија 90012, број на мотор 130503, носивост 11.000 кгр. во исправна состојба; и
- утоварувач во исправна состојба.

Член 2

Отуѓувањето на основните средства од претходниот член на оваа Одлука да се изврши по пат на јавно наддавање.

Ако после две спроведени јавни наддавања не се изврши продавање, истото може да се стори со непосредна спогодба.

Член 3

Постапката на отуѓување ќе ја изврши Комисија за отуѓување од три члена, кои ги именува градоначалникот.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-701/6
01.04.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

29.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Установата "Рацинови средби" Велес

Се прогласува Решението за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Установата "Рацинови средби" Велес , што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 01 април 2004 година.

Број 0801-708/17
02 април 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03) и член 6 од Одлуката за основање Установа „Рацинови средби" („Сл.гласник на Општина Велес" бр.5/01)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 01.04.2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Установата „Рацинови средби"- Велес

1. Од член на Управниот одбор на Установата „Рацинови средби" се разрешува лицето

- академик Петре М. Андреевски

2. За член на Управниот одбор на Установата „Рацинови средби" се именува:

- проф. д-р Васил Тоциновски

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-701/18
01.04.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р

30.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Јавната установата за деца- Детска градинка "Димче Мирчев" Велес

Се прогласува Решението за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Јавната установата за деца - Детска градинка "Димче Мирчев" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 01 април 2004 година.

Број 0801-708/18
02 април 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 96, став 3 и 7 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ" бр.98/00) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 01.04.2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка „Димче Мирчев"- Велес

1.Од член на Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка „Димче Мирчев" Велес се разрешува:

- Ѓоре Андоновски дипломиран економист

2.За член на Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка „Димче Мирчев" Велес се именува

- Валентина Славкова медицинска сестра

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-701/19
01.04.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

31.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2003 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2003 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 01 април 2004 година.

Број 0801-708/6
02 април 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 01.04.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2003 година

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2003 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-701/7
01.04.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

32.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2004 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2004 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 01 април 2004 година.

Број 0801-708/7
02 април 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 43 од Законот за градежно земјиште ("Сл.весник на РМ" бр.33/01) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 01.04.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2004 година

1. Се усвојува Програмата за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2004 година.

2. Се задолжува Статутарно-правната комисија да изготви пречистен текст на програмата.

3. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-701/8
01.04.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

Врз основа на член 43 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ"бр.53/01) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Советот на Општина Велес на својата седница одржана на 01.04.2004 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година

Член 1

Во Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година ("Службен гласник на Општина Велес" бр. 9/03) се врши измена и дополнување:

во глава В. - Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште и тоа:

-Во точка III - Изградба на улици, во колоната "износ" бројот "5.000.000,оо" се брише и се заменува со бројот "6.185.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "7.95%" се брише и се заменува со "9.83%", и се додаваат три нови позиции и тоа:

-"7. Дел од ул. "11-ти Октомври", со вредност од 462.000,оо ден. и процент од 7,47%";

-"8..Дел од ул. "Ленинова" со вредност од 435.000,оо ден. и процент од 7,03%";

-"9. Дел од ул. "Костурска" со вредност од 288.000,оо ден. и процент од 4,66%".

-Во точка IV - Одржување на улици, во колоната "износ" бројот "5.820.000,оо" се брише и се заменува со бројот "2.420.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "9.25%" се брише и се заменува со "3.85%", позициите "1", "4.", "5.", "6" и "16." се бришат во целост.

-Во точка В - Изградба на тротоари, во колоната "износ" бројот "1.560.000,оо" се брише и се заменува со бројот "2.275.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "2.48%" се брише и се заменува со "3.62%", и се додаваат три нови позиции и тоа:

-"5. Асфалтирање на тротоар на дел од ул. "Благој Ѓорев" и "Ленинова", со вредност од 215.000,оо ден. и процент од 9,45%";

-"6.Асфалтирање на тротоар на дел од ул. "Димитар Влахов" со вредност од 70.000,оо ден. и процент од 3,08%";

-"7.Асфалтирање на тротоар на дел од ул. "Благој Ѓорев" од "Првомајска" до "Н.Ѓ.Дуња" со вредност од 430.000,оо ден. и процент од 18,90%".

-Во точка XI - Разни зафати, во колоната "износ" бројот "5.630.000,оо" се брише и се заменува со бројот "7.130.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "8.95%" се брише и се заменува со "11.33%", во позицијата ".2.Гробишта (Капела)", во колоната "износ" бројот "1.500.000,оо" се брише и се заменува со бројот "3.000.000,оо"а во колоната "структура %" бројот "26.64%" се брише и се заменува со "42.08%".

Член 2

По донесувањето на оваа Програма се задолжува Статутарно-правната комисија да изготви пречистен текст на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 год.

Член 3

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-701/8
01.04.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р

33.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација во населени места во Општина Велес за 2003 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација во населени места во Општина Велес за 2003 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 01 април 2004 година.

Број 0801-708/8
02 април 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 01.04.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација за населени место во Општина Велес за 2003 година

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички плановии и урбанистичка документација за населени места во Општина Велес за 2003 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-701/9
01.04.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р

34.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата за работа на комуналниот инспектор во периодот од 1-ви јануари до 31-ви декември 2003 година

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Информацијата за работа на комуналниот инспектор во периодот од 1-ви јануари до 31-ви декември 2003 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 01 април 2004 година.

Број 0801-708/9
02 април 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 01.04.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Информацијата за работата на комуналниот инспектор во периодот од 1-ви јануари до 31-ви декември 2003 година

1.Се прифаќа Информацијата за работата на комуналниот инспектор во преиодот од 1-ви јануари до 31-ви декември 2003 година.

2. За понатамошно активно работење на комуналниот инспектор и спроведување на неговите надлежности, потребно е да се интензивира поголема соработка со Министерството за економија пазарна инспекција.

3. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-701/10
01.04.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

35.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата за состојбата со автотакси превозот на патници на територијата на Општина Велес

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Информацијата за состојбата со автотакси превозот на патници на територијат на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 01 април 2004 година.

Број 0801-708/10
02 април 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 01.04.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Иформацијата за состојбата со автотакси превозот на патници на територијата на Општина Велес

1.Се прифаќа Информацијата за состојбата со автотакси превозот на патници на територијата на Општина Велес.

2. Да се постапи кон спроведување на предложените мерки и активности предложени во Информацијата.

3.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-701/11
01.04.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

36.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата за состојбата со јавниот градски и приградски превоз на патници на територијата на Општина Велес

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Информацијата за состојбата со јавниот градски и приградски превоз на патници на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 01 април 2004 година.

Број 0801-708/11
02 април 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл . весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 01.04.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Информацијата за состојбата со јавниот градски и приградски превоз на патници на територијата на Општина Велес

1.Се прифаќа Информацијата за состојбата со јавниот градски и приградски превоз на патници на територијата на Општина Велес.

2. Да се постапи кон спроведување на предложените мерки и активности предложени во Информацијата

3.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-701/12
01.04.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

37.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата за уреденоста и состојбата на детските забавни паркови и поставената урбана опрема во Општина Велес

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Информацијата за уреденоста и состојбата на детските забавни паркови и поставената урбана опрема во Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 01 април 2004 година.

Број 0801-708/12
02 април 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 01.04.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Информацијата за уреденоста и состојбата на детските забавни паркови и поставената урбана опрема во Општина Велес

1.Се прифаќа Информацијата за уреденоста и состојбата на детските забавни пракови и поставената урбана опрема во Општина Велес.

2. Да се пристапи кон спроведување на планот за акција, со цел да се врши редовна контрола и одржување на урбаната опрема.

3. Да се зајакне медиумската кампања за подигање на свеста на граѓаните во правец на прифаќање на вредносните норми и ефекти кои во себе ги содржи изградениот капацитет на забавни пракови и урбана опрема.

4. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-701/13
01.04.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска,с.р.

38.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за неприфаќање на Завршната сметка на Установата Фестивал на античка драма "Стоби" - Велес

Се прогласува Заклучокот за неприфаќање на Завршната сметка на Установата Фестивал на античка драма "Стоби" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 01 април 2004 година.

Број 0801-708/13
02 април 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 9 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 01.04.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за неприфаќање на завршната сметка на Установата фестивал на античка драма "Стоби" Велес за 2003 година

1.Не се прифаќа завршната сметка на Установата фестивал на античка драма "Стоби" Велес за 2003 година.

2. Завршната сметка за 2003 година на Установата, повторно да се изработи и при тоа да се изврши усогласување на средствата кои се дадени од Општината, со кои се подмирени обврски на Установата за одржувањето на фестивалот, во износ од 225.420,оо денари.

3. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-701/14
01.04.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

39.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Установата Фестивал на античка драма "Стоби" Велес за 2003 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Установата Фестивал на античка драма"Стоби" Велес за 2003 година , што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 01 април 2004 година.

Број 0801-708/14
02 април 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 9 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 01.04.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за работа на Установата фестивал на античка драма "Стоби" Велес за 2003 година

1.Се усвојува Извештајот за работа на Установата фестивал на античка драма "Стоби" Велес за 2003 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-701/15
01.04.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

40.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Установата Фестивал на античка драма "Стоби" Велес за 2004 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Установата Фестивал на античка драма"Стоби" Велес за 2004 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 01 април 2004 година.

Број 0801-708/15
02 април 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1,точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 6 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 01.04.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за работа на Установата фестивал на античка драма "Стоби" Велес за 2004 година

1.Се усвојува Програмата за работа на Установата фестивал на античка драма "Стоби" Велес за 2004 година.

2.Општина Велес во време на одржување на фестивалот да стави на располагање едно возило за потребите на организаторот.

3.Управниот одбор на Установата да обезбеди средства од донаторство за изработка на пропаганден материјал за фестивалот и за градот.

4.Општината Велес по пат на меѓуопштинска соработка со Општина Градско да вложи напори за поставување билборди и сообраќајни знаци околу локалитетот Стоби.

5.Градоначалникот да организира прием за сите странски ансамбли и да им подари пригодни сувенири од градот.

6.Да се вложат напори дел од буџетските средства на Општината да се префрлат порано на сметка на Установата заради организациони активности.

7. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-701/16
01.04.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска,с.р.

41.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Локален акционен план за работа на Комисијата за полова рамноправност при Советот на Општина Велес и План за работа во првите шест месеци од 2004 година

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Локален акционен план за работа на Комисијата за полова рамноправност при Советот на Општина Велес и План за работа во првите шест месеци од 2004 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 01 април 2004 година.

Број 0801-708/16
02 април 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 4, од Одлуката за формирање на Комисија за полова рамноправност ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.7/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 01.04.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифање на Локален акционен план за работа на Комисијата за полова рамноправност при Советот на Општина Велес и Планот за работа во првите шест месеци од 2004 година

1. Се прифаќа Локалниот акционен план за работа на Комисијата за полова рамноправност при Советот на Општина Велес и Планот за работа во првите шест месеци од 2004 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-701/17
01.04.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

42.

Врз основа на член 5 од Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.3/02), и член 6 од Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.5/03),

Статутарно-правната комисија на Советот на Општина Велес на седницата одржана на 02.04.2004 година го утврди пречистениот текст на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес.

Пречистениот текст на Одлуката за Комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес ги опфаќа: Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес"бр.2/98); Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес"бр.2/01);Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес"бр.3/02); Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес"бр.5/03), во кои е означено времето на нивно влегување во сила и делот од член 33 од Одлуката за начинот и постапката за одржување на јавна чистота,собирање и транспортирање на комуналниот цврст и технолошки отпад на подрачјето на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес"бр.1/99).

О Д Л У К А
за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес (пречистен текст)

I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Одлука поблиску се уредуваат

односите и начинот на вршење на комуналните дејности, како и правата и обврските на давателите и корисниците на услугите и мерки за спроведување на комунален ред на подрачјето на Општина Велес, опфатено со Генералниот урбанистички план.

Член 2

Под комунален ред во смисла на оваа Одлука се подразбира поблиско уредување на односите и начинот на вршење на комуналните дејности меѓу корисниците и давателите на услугите, а посебно:

-снабдување со вода за пиење,(под што се подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на вода до мерниот инструмент на корисникот);

-обработка и испорака на технолошка вода,(под што се подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на вода до мерниот инструмент на корисникот);

-одведување и пречистување на отпадни води, (под што се подразбира прифаќање на отпадни води од куќниот приклучок на дворната канализациона мрежа, одведување со уличната канализациона мрежа, пречистување и испуштање во реципиент, како и чистење на септички јами);

-одведување и испуштање на атмосферски води, (под што се подразбира прифаќање на атмосферски води од урбани површини, одведување до канализациона мрежа и испуштање во реципиент);

-одржување на јавна чистота во градски и други населби, (под што се подразбира чистење на јавни и сообраќајни површини (миење и метење), одржување на пешачки патеки, детски игралишта, отворени одводни канали, кејови, како и чистење на снегот во зимски услови);

-депонирање отпадоци што се создаваат со изведување на градежни работи утврдени со закон кои немаат својство на комунален цврст и технолошки отпад , (под што се подразбира собирање, транспортирање, обработка и депонирање на овие отпадоци на уредени депонии како и одржување на депониите);

-одржување и користење на паркови ,зеленило,парк-шуми,водни рекреативни површини,(под што се подразбира подигање,одржување и користење на зелени површини,садење на ниска и висока вегетација и слично);

-одржување на улична сообраќајна сигнализација и други инфраструктурни објекти од локално значење, (под што се подразбира нивно редовно инвестиционо и зимско одржување);

-одржување на гробови, гробишта, крематориуми и давање погребални услуги, (под што се подразбира одржување на гробовите, гробиштата, просторот, зградите и давање погребални услуги и тоа: преземање, чување, опремување и превоз на умрените до местото на закоп, закоп или кремирање);

-одржување и користење на јавниот простор за паркирање,(по што се подразбира одржување на просторот и објектите и давање на соодветни услуги како и утврдување на начинот на негово користење);

-одржување и користење на пазари на големо и мало, (под што се подразбира одржување на комуналните објекти односно просторот и објектите изградени за давање на услуги на трговија);

-вршење на оџачарски услуги, (под што се подразбира чистење и контрола на објектите за спроведување на чад и опремата за ложење);

-одржување на комунални уреди, (под што се подразбира одржување во функционална состојба на градски часовници, чешми, фонтани и други комунални уреди и опрема);

-отстранување и чување на непрописни паркирани возила,хаварисани возила,земјоделски машини со приклучни или без приклучни орудија,ерадикација на животни скитници, украсување на населените места, одржување на јавни санитарни јазли, аерозапрашувања, дезинфекција, дератизација и сл.;

-отстранување и чување на ситна и крупна стока и живина во урбани средини.

-сечење и складирање на огревно дрво и јаглен на јавни и сообраќајни површини;

-складирање и чување на градежни материјали без издадено одобрение од надлежен орган.

II.ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛЕН РЕД

а) Снабдување со вода за пиење

Член 3

Снабдувањето со вода за пиење на правните и физичките лица на подрачјето на Општината Велес го врши ЈКП "Дервен" (во понатамошниот текст: ЈКП).

Член 4

За да може ЈКП редовно да ги снабдува потрошувачите со доволна количина на вода здрава за употреба должно е:

-непрекинато да ги одржува во исправна состојба објектите и инсталациите што служат за снабдување на градот со вода;

-да ги проширува изворите, објектите и мрежата со цел што повеќе корисници да се приклучуваат на јавната водоводна мрежа, во зависност од финансиските можности на ЈКП, односно Општината и Републиката;

-да ги изведува работите за приклучување кон јавната водоводна мрежа;

-да ги спроведува санитарно-хигиенските услови потребни за обезбедување на квалитетна вода за пиење, согласно Правилникот за хигиенската исправност на водата што служи за јавно снабдување на

населението со вода за пиење или за поизводство на животни намирници наменети за граѓаните.

Член 5

ЈКП е должно трајно и непрекинато да обезбедува вода со притисок во мрежата, освен во случај на:

- елементарни непогоди;
- недостаток на вода во изворишта;
- поголеми хаварии, дефекти и оштетувања на водоводната мрежа;
- прекин во снабдувањето со електрична енергија.

Член 6

Во случај на појава на технички и други пречки на објектите и инсталациите за снабдување со вода, ЈКП е должно да ги извести потрошувачите за прекинот како и за времетраењето на истиот.

Известувањето на потрошувачите од претходниот став на овој член, ЈКП ќе го врши преку средствата за јавно информирање и Центарот за известување и тревожење при надлежното Министерство.

Член 7

Одржувањето на водоводните објекти и инсталации во останатите места од подрачјето на Општината Велес, кои не се поврзани со градската водоводна мрежа, ЈКП, го врши врз основа на посебен Договор склучен со Општината, доколку истите ги исполнуваат предвидените услови согласно законските одредби.

Член 8

ЈКП може да им го прекине на корисниците водоснабдувањето во следните случаи:

-ако настане поголемо оштетување на водоводните уреди во имотот на корисникот, а со цел да се отстранат оштетувањата и сопре непотребното трошење на вода;

-ако местото на просторијата каде што се наоѓа водомерот е нечисто, затрпано или недостапно, а корисникот и по писмена опомена од ЈКП, во рок од 30 дена не ги отстрани тие недостатоци;

-по Решение на санитарната и градежна инспекција или комунална;

-ако корисникот на вода без одобрение дозволи приклучување на неговиот имот;

-ако поранешниот корисник на вода се одјавил, а новиот корисник не се пријави за одреден приклучок;

-ако поради неисправна инсталација, предимензиониран водомер и поставување на хидрант во водомерната шахта корисникот на услугите не ги отстрани недостатоците во определениот рок по писменото опоменување од ЈКП;

-ако самоволно без одобрение се приклучи на водоводната мрежа;

-кога состојбата на водоводната инсталација го загрозува здравјето на корисниците, односно квалитетот на водата од јавната водоводна мрежа;

-ако корисниците не се придржуваат на мерките во врска со штедењето на водата во време кога нема доволно вода;

-ако се приклучи на јавната водоводна мрежа со сопствена водоводна мрежа која користи посебни услови за водоснабдување;

-ако над водоводната мрежа и приклучок е лоциран објект од висока градба, времен или постојан без претходно да е извршено реконструкција или заштита на мрежата или приклучокот;

-ако испушта фекални или други отпадни води во улична амосферска канализација, односно испушти атмосферски води во улична фекална канализација и на јавно прометна површина;

-ако и по претходно добиена опомена не ја исплати сметката за потрошена вода.

Под нередовно плаќање на потрошената вода се подразбира неплатени две последователни сметки или две сметки со прекин во текот на годината.

Член 9

Јавните украсни чешми во смисла на оваа Одлука се објектите во градот, другите населени места, парковите, покрај патиштата, туристичките локалитети и другите места кои со својот естетски изглед придонесуваат за разубавувањето на околината и на минувачите или служат за пиење вода.

Одржувањето и уредувањето на јавните чешми го врши ЈКП Дервен.

Надоместокот за потрошената вода од јавните украсни чешми паѓа на терет на ЈКП Дервен.

Член 10

Во случај на недостиг на вода (виша сила, намалување на издашност на извор и сл.) ЈКП дава упатства за штедење на водата во соработка со Советот на Општината, а може да им го ограничи користењето на водата на корисниците.

Член 11

Водоводната инсталација на корисникот се поврзува со уличната јавна водоводна мрежа преку водоводен приклучок, а врз основа на прибавено одобрение и технички услови дадени од страна на ЈКП.

Член 12

Приклучувањето се врши посебно за секој имот и непосредно со уличната јавна водоводна мрежа, со претходно добиена

согласност од ЈКП "Дервен" Велес и изготвена техничка скица за изведба на приклучокот.

Ако на соодветната улица не е предвидено изградба на улична мрежа, може да се одобри приклучување од водоводен приклучок на соседен имот односно објект доколку постојат технички услови, и согласност од корисникот или сопственикот на приклучокот за решени меѓусебни имотно-правни односи и право на службеност.

За приклучување од приклучок водомерот се поставува во иста шахта од која се зема приклучокот.

Дозволен е еден приклучок од приклучок

Член 13

Над јавната водоводна мрежа и приклучоците не се дозволува лоцирање на било каков постојан или времен објект.

Член 14

Сопственикот на градежен објект, изграден согласно со законските прописи, должен е објектот да го приклучи на комуналната инфраструктура.

Член 15

Бесправно изградените објекти не смее да се приклучуваат на инфраструктурните мрежи и системи.

Член 16

Надоместокот за потрошена вода во $м^3$ го плаќаат корисниците.

Читањето на водомерите на корисниците се врши месечно и наплатата за потрошена вода се врши месечно.

Чистењето на водомерите го врши ЈКП "Дервен" на своја сметка доколку причина е нечистата вода.

б) Одведување и пречистување на отпадни води и атмосферски води

Член 17

Одведувањето и пречистувањето на отпадните води и атмосверските води на подрачјето на Општина Велес го врши ЈКП.

Член 18

За да може ЈКП редовно да го врши одведувањето, пречистувањето на отпадните и атмосферските води, должно е:

-непрекинато да ги одржува во исправна состојба објектите и инсталациите што служат за одведување и прочистување;

-да ја проширува мрежата и објектите со цел што повеќе корисници да се приклучуваат на јавната канализациона мрежа, во зависност од финансиските можности на ЈКП, Општината или Републиката;

-да ги изведува работите за приклучување кон јавната канализациона мрежа;

-да ги спроведува санитарно, хигиенските услови согласно позитивните законски прописи на Републиката.

Член 19

ЈКП е должно трајно и непрекинато да врши одведување и пречистување на отпадни и атмосферски води, освен во случаи на:

-елементарни непогоди;

-тековно одржување на канализационите приклучоци;

-други непредвидени случаи.

Член 20

Во случај на појава на технички и други пречки на објектите и инсталациите за одведување, ЈКП е должно да ги извести корисниците за прекинот како и за времетраењето на истиот.

Известувањето на корисниците од претходниот став на овој член, ЈКП ќе го врши преку средствата за јавно информирање и Центарот за известување и тревожење при надлежното Министерство.

Член 21

Одржувањето на канализационите објекти и инсталации во останатите места од подрачјето на Општина Велес кои не се поврзани со градската канализациона мрежа, ЈКП го врши врз основа на посебен договор склучен со Општината, доколку истите ги исполнуваат предвидените услови.

Член 22

ЈКП може да им го прекине на корисниците одведувањето во следните случаи:

-ако настане поголемо оштетување на канализационата мрежа во имотот на корисникот, а со цел да се отстрани оштетувањето и сопре поголемо оштетување;

-ако корисникот врши одведување на води со примеси на киселина, алкални или други соли, води кои содржат бензин, разни масла и други хемикалии што разорно делуваат на каналските цевки и топловоди со температура над 40 степени целзиусови;

-ако корисникот врши одведување на води и предмети што развиваат токсични експлозивни гасови;

-ако корисникот врши одведување на води и предмети причинители на заразни и паразитни заболувања и радиоактивни зрачења;

-ако корисникот врши одведување на отпадни води со примеси или предмети што можат да ја оштетат канализационата мрежа или да го попречат правилното функционирање на мрежата;

-ако корисникот врши одведување на домешен смет, пепел, коски, гипс, цемент, песок, крпи, камења и други предмети што можат да ја оштетат или затнат канализациона мрежа и отворените водотеци и го попречат нивното нормално функционирање;

-по Решение на градежна и санитарна инспекција.

-ако корисникот без одобрение дозволи приклучување на неговиот имот;

-ако самоволно без одобрение се приклучи на канализациона мрежа;

-ако и по претходно добиена опомена не ја исплати сметката за потрошена вода.

Под нередовно плаќање на потрошената вода се подразбира неплатени две последователни сметки или две сметки со прекин во текот на годината.

Член 23

Корисникот на прикличокот е должен трајно и непрекинато да врши одведување на отпадните и атмосферски води од својот имот.

Во случај на оштетување на канализациониот приклучок корисникот е должен веднаш да го извести ЈКП.

Член 24

Трошоците за тековното одржување на канализационата мрежа ги сноси ЈКП.

Трошоците за тековното одржување на канализациониот приклучок ги сноси корисникот на приклучокот.

Член 25

Секој сопственик на изграден или делумно изграден објект е должен да ја спои својата канализација со канализационата мрежа, истовремено кога ќе биде изграден неговиот објект.

Член 26

Приклучувањето на канализационата мрежа со претходно добиена согласност од ЈКП "Дервен" Велес со изготвена техничка скица за изведба на приклучокот се врши посебно за секој имот и непосредно со уличната мрежа.

По ислучок, ако на улицата не е предвидена изградба на канализациона мрежа, приклучувањето може да се изврши од соседниот имот ако корисникот на канализациониот приклучок од соседниот имот дозволи приклучок на новиот корисник, има технички услови и е обезбедено право на службеност.

Корисникот кој ќе се приклучи на канализационата мрежа преку приклучокот на соседниот имот е должен да учествува сразмерно во трошоците на корисникот од соседниот имот што би го сторил при изведувањето на приклучокот.

Член 27

Корисникот кој ќе се приклучи на канализационата мрежа преку соседните имоти по завршувањето на работите е должен соседниот имот да го доведе во првобитна состојба, како и да ја надомести секоја штета што ќе произлезе од изведувањето на работите на приклучокот.

Член 28

Кога ќе се врши приклучување на канализационата мрежа од септичката јама, тогаш корисникот е должен претходно да ја испразни, исчисти и дезинфицира постојаната септичка јама.

Испразнувањето, чистењето и дезинфекцијата на септичките јами мора да се врши преку овластеното ЈКП.

Септичката јама неможе да се испушти во уличната канализација.

Доколку корисникот на приклучокот не ги изврши работите од став 1 на овој член ЈКП нема да одобри приклучување на канализационата мрежа.

Член 29

Бесправно изградените објекти несмеат да се приклучуваат на канализационата мрежа на Општината.

Член 30

Надоместокот за канализација се плаќа според количеството на потрошена вода по м^3, а го плаќаат корисниците.

Читањето на водомерите се врши месечно и наплатата за потрошена вода се врши месечно.

в) Одржување на чистота на јавните површини

Член 31

Физичките и правните лица се должни да ја одржуваат чистотата на просториите што ги користат, да придонесуваат за чистотата на јавните површини и да укажуваат помош на надлежните органи и претпријатија во преземањето мерки за одржување на чистотата.

Член 32

Одржување на чистота на јавните и другите површини се извршува редовно на начин што обезбедува да бидат чисти и уредни.

Член 33

Работите што се однесуваат на одржувањето на чистотата на јавните сообраќајни површини што не се регулирани со оваа Одлука или Годишната програма ќе се уредат со посебен договор помеѓу ЈКП и заинтересираните субјекти.

Член 34

Сите возила што учествуваат во сообраќајот, а посебно возилата од градилишта, стоваришта, складишта, деловни, дворни површини и друго при излегување на јавни сообраќајни површини не смеат да изнесуваат нечистотии.

Член 35

Изведувачите на градежни работи се должни да се грижат за:

-чистење на јавните сообраќајни површини како и површините пред и околу градилиштето, каде што е растурен градежен или друг материјал и отпадоци;

-обезбедување на градежниот материјал, земја, песок и сл. како и други отпадоци од растурање и разнесување од јавните сообраќајни површини;

-поливање со вода на трошен материјал за време на уривање на објектот.

Член 36

При рушење, реконструкција или санција на објектите создадениот отпаден материјал-шут, ќе се складира и изнесува исклучиво во специјални садови-сандаци.

Член 37

Превоз на земја, песок, хартија ,сено ,огрев, смет непакован цемент, отпадоци, фекалии и друг растресит и течен материјал може да се врши само со возила кои се покриени со церада или со возила за таа цел.

Член 38

Се забранува оставање и депонирање на предмети на балконите и терасите на индивидуалните станбени објекти, колективните станбени објекти, деловните објекти и простории и објекти за јавна намена кои се лоцирани кон улица и со кои се менува нивната намена и се нарушува изгледот на околината.

Се забранува перење на килими, теписи, постелнина и други материи на балконите и терасите на индивидуалните станбени објекти, колективните станбени објекти, деловните објекти и простории и објектите за јавна намена кои се лоцирани кон улицата.

г) собирање, изнесување, и депонирање на смет и други отпадоци од станбни, деловни и други корисни површини

Член 39

На подрачјето на Општина Велес определено со Генералниот урбанистички план се врши организирано изнесување на домашниот смет, сметот од јавните сообраќајни површини и други објекти.

Член 40

Под домешан смет,во смисла на оваа Одлука се сматаат отпадоците што се создаваат во секојдневниот живот и работа во станбените,деловните,дворните и други корисни површини и простории и тоа:отпадоци од храна,градинарски овошни и други земјоделски култури, коски, лименки, шишиња, хартија,картон и сл.

Член 41

На подрачјето на Општина Велес домашниот смет,времено се собира и сместува во:

-вреќи за смет (пластични,книжени или јутени);

-контејнери и лимени сандаци;

-железни или пластични корпи за сместување на вреќи за смет;

-сметот сместен во пластични вреќи граѓаните се должни да го изнесат на определено место и во време од 7.00 до 9.00 часот наутро.

ЈКП Дервен е должен сметот да го подигне и депонира најдоцна до 13.00 часот во тековниот ден.

Изнесувањето на сметот од претходниот став се врши два пати неделно ,а во периодот од 1 август до 31 октомври во централно градско подрачје се врши три пати неделно.

Член 42

ЈКП Дервен е должен преку средствата за информирање, преку Месната самоуправа или на друг соодветен начин да ги информира корисниците на услугите за времето на изнесувањето на домашниот смет.

Член 43

ЈКП е должен четири пати во годината да го изнесе стариот мебел,апарати за домаќинството ,делови од санитарни уреди и други предмети од домаќинствата.

Времето и местотот на изнесувањето на грубите отпадоци од став 1 на овој член,ќе ги определи ЈКП во согласност со месните самоуправи.

Член 44

Работниците кои изнесуваат домашен смет се должни да водат сметка да не се рстура сметот ,крева прав, оштетуваат садовите,како и да не се валкаат и оштетуваат просториите и површините за сместување на сметот.

Ако при утовар и истовар во возилото дојде до растурање на сметот,работниците се должни истиот веднаш да ги исчистат,а садовите да ги вратат на местото предвидено за нив.

д) користење и уредување на депонија

Член 45

Сметот и другите отпадоци од јавните површини, домашниот смет,грубите отпадоци и неутрализирани специјални отпадоци,се изнесуваат и депонираат во градска депонија.

Во случај на изградба, реконструкција или санација на станбени или деловни објекти создадениот отпаден материјал ќе се складира на претходно определена локација за таа намена.

Член 46

ЈКП управува и се грижи за уредување и одржување на градската депонија, а особено:

-да го огради просторот на депонијата и да обезбеди контролирано влегување, излегување и депонирање на сметот;

-да се обезбедат уреди и објекти за лична хигиена на работниците и миење и дезинфекција на возилата;

-да го спречи ширењето на миризбата и нечистотојата;

-површините што се покриени со смет да ги покрие со земја во слој најмалку од 30 -50см и истите ги озелени;

-да не дозволи палење огин и горење на сметот на депонијата;

-презема санитарно-хигиенски и ветеринарни мерки за спречување и размножување на инсекти и стаорци.

Член 47

Секое возило кое на градска депонија ќе донесе смет и други отпадоци по изпразнувањето мора да се измие и дезинфицира.

Член 48

ЈКП има исклучително право на користење на сметот од градската депонија.

ЈКП е должно од сметот што го изнесува да ги издвои корисните отпадоци во согласност со посебните прописи за собирање и користење на отпадоци, доколки се определени посебни садови.

Член 49

Не е дозволено неовластено прибирање ,собирање и изнесување на смет и други отпадоци од градската депонија, влегување на невработени лица, доведување и напасување на добиток и живина на депонијата.

Член 50

Чистење и изнесување на фекалии и фекални води од септички јами се врши со специјални возила,а нивното испуштање се врши на места што ќе ги определи надлежното министерство.

По изнесувањето на фекалиите просторот околу септичките јами се дезинфицира.

За изнесување на фекалиите, одржување и уредување на местата каде што се испуштаат фекалиите се грижи ЈКП.

Член 51

Се забранува испуштање на фекалии во септички јами во деловите на градот каде постои фекална канализација.

Член 52

Се забранува фрлање на домашен смет и други отпадоци, во системот на подземната атмосверска и фекална канализација.

ѓ) одржување и користење на паркови и зеленило

Член 53

Под одржување и користење на јавното зеленило, се подразбира подигање, одржување и користење на зелени површини, сечење на ниска и висока вегетација.

Под јавно градско зеленило во смисла на оваа Одлука се подразбира зеленилото на и покрај улиците, парковите, плоштадите, кејовите, културно-историските споменици, јавните паркиралишта, детски забавни паркови и игралишта, гробиштата како и зеленило што во градот е подигнато или предвидено за подигање согласно Генералниот урбанистички план, деталните урбнистички планови, Годишната програма за озеленување и други акти во врска со изградбата на инвестициони објекти.

Член 54

Овластениот субјект (ЈКП "Дервен") е должен работите на уредувањето, одржувањето, заштитата и користењето на јавното зеленило и јавните зелени површини да ги извршува во согласно со прописите, стандардите и техничките нормативи што важат за оваа дејност и Годишната програма за уредување и одржување на градското зеленило.

Член 55

Одржувањето на јавното градско зеленило опфаќа:

-подигање-садење, одгледување и обновување на зеленилото (на оптимално ниво со цел да се обезбедат основните функции на озеленувањето);

-заштита на зеленилото од оштетувања, болести и штетници;

-чистење на озеленетите површини;

-одржување на објекти, уреди, инсталации и урбана опрема што се наоѓа на озеленетите површини и нивна заштита од оштетување;

-одржување и чистење на патеките на озеленетите површини и

-одржување и чистење на водните површини во парковите.

Член 56

Одржувањето на јавното зеленило на јавните зелени површини се врши врз основа на Годишна програма во која се планираат површините за озеленување и обновување, видовите на зеленило, поставувањето и видот на урбаната опрема и други работи на одржувањето како и трошоците за извршување на овие работи и изворите на средствата.

Програмата од претходниот став на овој член ја реализира овластениот субјект, а ја донесува Советот на Општина Велес.

Член 57

На јавните зелени површини не е дозволено:

-корнење, сечење и кастрење на дрвја, грмушки и жива ограда;

-било какво оштетување на зеленилото (соголување и засекување на стеблото, газење и седење на тревниците, кинење на цвеќе, откорнување на цветни и тревни бусени и сл.);

-деградирање на растителни услови (отстранување на земјата и откривање на корењата, затрупување на стеблата, промена на нивото на водата, промена на структурата и составот на почвата и др.);

-собирање на плодови и цветови од дрвјата;

-копање и изнесување на земја, копање на канали, вршење на прекопи и др.;

-палење на оган и палење на стебла;

-фрлање и оставање отпадоци надвор од местата определени за таа намена;

-истоварување и оставање на стока, амбалажа, шут, градежен и огревен материјал на и покрај зеленилото;

-истурање на нечиста вода и други течности што ја загадуваат и оштетуваат озеленетата површина;

-чување и напасување добиток и живина;

-закачување, ковање и потпирање на рекламни паноа, натписи и лепење на плакати по дрвјата;

-минување, запирање, паркирање и оставање на било кој вид возила и нивно миење.

Член 58

Корнење, сечење и кастрење дрвја, грмушки и жива ограда може да се врши заради нивно редовно одржување или обновување, ако се нападнати од штетни инсекти и растителни болести, ако се суви или оштетени од елементарни непогоди, ако пречат на подземните и надземните инсталации, кога постои опасност да причинат човечки или материјални штети, ако пречат на видливоста на улиците и на проодноста на тротоарите и патеките и заради изградба на објекти предвидени со урбанистичките планови.

Работите од став 1 на овој член се вршат само врз основа на одобрение дадено од надлежниот Општински орган за комунални работи во кое се утврдуваат условите, начинот и трошоците за извршените работи.

Член 59

При градење на објекти предвидени во урбанистички план изведувачот е должен по правило да го сочува околното постојно јавно зеленило, уреди, инсталации и комунална опрема и пред да отпочне со градба да ги заштити според соодветните нормативи и стандарди за ова.

Пред отпочнување на работите овластени претставници на изведувачот и на надлежниот Општински орган составуваат записник за состојбата на зеленилото и комуналната опрема. За отпочнување на градежните работи (пред добивање на решение за услови за градба) изведувачот е должен на сметка на Општина Велес да депонира средства за покривање на трошоците за враќање на зеленилото и комуналната опрема во првобитна состојба.

Ако со измена на Урбанистичкиот план се измени намената на веќе оформената јавна зелена површина, се негира веќе подигнатото зеленило, со Урбанистичкиот план се определува друга соодветна неуредена површина и се наменува за зеленило.

Инвеститорот кој што гради инвестиционен објект на пренаменета јавно зелена површина (пред добивањето на решението за услови за градба) е должен на сметка на Општина Велес да депонира средства за уредување на предвидената локација за озеленување.

Инвеститорот на инвестициониот објект на или покрај јавна зелена површина, во чии рамки е подигнато јавно зеленило и оформена јавно зелена површина по извршениот технички преглед и добивањето на решение за употреба на објектот е должен да ја предаде јавната зелена површина на одржување и користење на овластениот субјект.

Предавањето се врши со записник составен и потпишан од претставник на инвеститорот, надлежниот Општински орган и овластениот субјект за одржување.

Член 60

Поставувањето на електрични, телефонски и други инсталации на јавните зелени површини се врши подземно.

По исклучок нови инсталации може да се поставуваат и над земја кога е тоа неопходно заради специфичноста на теренот а под услови да не го попречуваат правилниот развиток на зеленилото и да не го нарушуваат естетскиот изглед и нормалното користење на зелените површини.

Член 61

На јавни зелени површини може повремено да се поставуваат рекламни паноа подвижен мебел (фрижидери за сладолед, автомати и масички за продажба на пијалоци) само по претходно одобрение од надлежниот Општински орган издадено согласно планот за поставување.

Одобрението треба да содржи: назив, односно име и презиме на корисникот на микро локацијата, означување на микро локацијата, видот на мебелот, односно апаратот што се поставува, висина на цената што треба да ја плати за одржување на површината, времетраењето на одобрението и сл.

На јавните зелени површини може да се одржуваат спортски, културни, забавни и други

манифестации, приредби и сл. по претходно одобрение од надлежниот Општински орган. Организаторот на овие манифестации е должен на сметка на Општина Велес да депонира средства, во висина која ги покрива трошоците за доведување на јавната зелена површина во првобитна состојба.

Член 62

Висината на средствата кои што треба да се депонираат на сметка на Општина Велес од членовите 58 и 60 се определуваат според ценовникот согласно постојните стандарди за подигање на зеленило по м^2 што го изготвува ЈКП "Дервен".

При сторена штета на јавната зелена површина надоместокот се плаќа согласно ценовникот изготвен според стандардите за подигање на зеленилото по м^2.

Средствата прибрани по овој основ се употребуваат за намената за која се уплатени.

Член 63

Градското зеленило на урбаните единици и објекти се должни да го одржуваат претпријатијата и другите правни лица, установите и физичките лица кои се корисници на земјиштето на кое тоа се наоѓа.

е)остранување и чување на стока и живина

Член 64

Во градежниот реон на градот , утврден со Генералниот урбанистички план се забранува чување и престој на ситен и крупен добиток,живина и зајци.

Член 65

Ерадикацијата (хуманото уништување) на болни и опасни по сродината животни (кучиња и мачки скитници) го извршува специјализирана институција регистрирана за оваа дејност.

Остранувањето и транспортот на мршите од јавните површини ќе го извршува ЈКП "Дервен" ,во согласност со ветеринарниот инспекторат.

За времето и подрачјето на ерадикацијата на опасните животни скитници, надлежниот орган ќе ги извести населението преку средства за јавно информирање или на друг начин.

ж) сечење и складирање на огревно дрво и јаглен, печење на вар и дрвен јаглен

Член 66

На јавните сообраќајни површини се забранува:

- сечење на дрва;
- складирање на огревно дрво и јаглен.

Член 67

Во урбаните средини се забранува:

- производство, односно печење на вар и дрвен јаглен;
- складирање и чување на градежни материјали, освен по претходно добиено одобрение од надлежниот општински орган.

з)други одредби

Член 68

Сите сопственици или корисници на станбени или деловни објекти, се должни да ги одржуваат фасадите, чистат и мијат стаклата на прозорците и да ги чистат и одржуваат влезовите, складишните простории и ходниците.

Член 69

Сите сопственици или корисници на станбени или деловни објекти се должни во зимскиот период да го расчистуваат снегот и мразот пред објектите.

Член 70

Во колку решението донесено од комуналниот инспектор не биде извршено доброволно,истото може да се изврши од трето лице по налог на комуналниот инспектор , а на смека на задолженото лице по решението.

III. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА КОМУНАЛНИТЕ УСЛУГИ

Член 71

Средствата за вршење на комуналните услуги се обезбедуваат согласно Законот за локална самоуправа и Законот за комунални дејности:

- цената на комуналната услуга;
- Буџетот на Општината ; и
- други средства утврдени со закон.

IV.КОМУНАЛЕН РЕД ВО ДРУГИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА ВО ОПШТИНАТА

Член 72

Во останатите населени места во Општината, снабдувањето со вода за пиење, одведувањето и пречистувањето на отпадни води, одржувањето на јавна индивидуална чистота, како и начинот на давањето на услугите и утврдувањето на висината на цената на услугите, ќе се регулира со посебен договор помеѓу ЈКП "Дервен" (давател на услугите) и соодветната Месна самоуправа, физичко и правно лице (корисници на услугите).

V. НАДЗОР

Член 73

Надзор над спроведувањето на Одредбите од оваа одлука вршат Општинските комунални инспектори.

Член 74

За извршениот инспекциски надзор, односно утврдената состојба и преземените мерки од надзорот, Комуналниот инспектор е должен да состави Записник и да го достави на физичкото или правно лице каде што вршел инспекција.

Ако при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот утврди дека е сторен прекршок или кривично дело, должен е да покрене постапка пред надлежниот Основен суд - Велес.

Член 75

Комуналниот инспектор по извршениот инспекциски надзор донесува Решение.

Жалбата против Решението на Комуналниот инспектор може да се поднесе до Одборот за јавни и комунални дејности на Советот на Општина Велес.

Член 76

Комуналниот инспектор има легитимација.

Легитимацијата на Општинскиот комунален инспектор ја издава градоначалникот на Општина Велес во рок од три месеци од денот на влегување во сила на оваа Одлука.

Врз основа на Правилникот за образецот и начинот на издавање на легитимацијата на Комуналниот инспектор, Советот на Општина Велес донесува Одлука за образецот и начинот на издавање на легитимацијата на Општинскиот комунален инспектор.

VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 77

За непочитување на оваа Одлука ќе се применуваат казнените одредби од Законот за комунални дејности.

Член 78

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Статутарно-правната комисија
Игор Андреев с.р.

43.

Врз основа на Одлуката за начинот и постапката за одржување на јавна чистота,собирање и транспортирање на комуналниот цврст и технолошки отпад на подрачјето на Општина Велес("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/99),

Статутарно-правната комисија на Советот на Општина Велес на седницата одржана на 02.04.2004 година го утврди пречистениот текст на Одлуката за начинот и постапката за одржување на јавна чистота, собирање и транспортирање на комуналниот цврст и технолошки отпад на подрачјето на Општина Велес.

Пречистениот текст на Одлуката за начинот и постапката за одржување на јавна чистота,собирање и транспортирање на комуналниот цврст и технолошки отпад на подрачјето на Општина Велес ги опфаќа: Одлуката за начинот и постапката за одржување на јавна чистота,собирање и транспортирање на комуналниот цврст и технолошки отпад на подрачјето на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес"бр.1/99); Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за начинот и постапката за одржување на јавна чистота,собирање и транспортирање на комуналниот цврст и технолошки отпад на подрачјето на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес"бр.3/02)во кои е означено времето на нивно влегување во сила.

О Д Л У К А
за начинот и постапката за одржување на јавната чистота, собирање и транспортирање на комуналниот цврст и технолошки отпад на подрачјето на Општина Велес
(пречистен текст)

I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Одлука се уредува начинот и постапката на вршењето на работите во врска со одржувањето на јавната чистота, собирањето и транспортирањето на комуналниот цврст отпад на подрачјето на Општината Велес, утврдено со Генералниот урбанистички план на Општината, обврските на давателите и корисниците на услугите и распределбата на средствата по намени.

Член 2

Одржувањето на јавната чистота на јавните и сообраќајни површини и собирањето и транспортирањето на комунален отпад цврст отпад утврдени со Закон ги врши ЈКП "Дервен" (во понатамошниот текст,Јавното претпријатие).

Член 3

Одржувањето на јавната чистота, собирањето и транспортирањето на комуналниот цврст и технолошки отпад се дејности од јавен интерес.

II. ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА

Член 4

Под одржување на јавната чистота се подразбира: чистење, миење и метење на јавните сообраќајни површини.

Под јавни сообраќајни површини се подразбираат:

- улици, тротоари, велосипедски патеки, плоштади, кејови, подвозници, надвозници, мостови, паркиралишта на кои не се наплатува надомест, скалила кои ги поврзуваат површините за јавен сообраќај;

- детски игралишта и јавни санитарни објекти;

- железнички, бензиски и такси станици, автобуски станици во меѓуградскиот сообраќај, јавни и телефонски говорници, отворени простори на јавни објекти, паркиралишта на кои се наплатува надомест, паркови, парк - шуми, улични тревници, зоолошки градини, градски гробишта, сајмишта на отворен простор,пазари, магацини и складишта на отворен простор, спортско-рекреативни терени (стадиони, хиподроми, стрелишта и сл.), јавни капалишта (плажи,отворени базени, вештачки езера и сл.),отворени простори на хотелските објекти, патишта, проточни и суви канали, речни брегови и корита и други објекти во урбаните средини.

Член 5

Одржувањето на јавната чистота на јавните сообраќајни површини од членот 4, став 2, алинеа 1 и 2 на оваа Одлука, го врши Јавното претпријатие.

Одржувањето на јавната чистота на јавните и сообраќајни површини од член 4, став 2, алинеа 3 на оваа Одлука го вршат сопствениците, односно корисниците на кои им е доверено управувањето.

Член 6

Одржувањето на јавната комунална хигиена се врши според Годишна програма усвоена од Советот на Општината и извршената распределба на средствата по намени.

Годишната програма се усвојува најдоцна до 25 декември во тековната година за наредната година.

Член 7

Годишната програма содржи динамика, обем, начин и технологија на вршење на работите, поединечни и вкупни вредности, износ на средствата програмирани за извршување на предвидените работи.

Член 8

Во случај на прекумерно загадување на јавните и сообраќајни површини поради временски непогоди, поголеми реконструкции и сл. надлежниот општински орган може да определи чистење надвор од динамиката утврдена во Годишната програма за јавна чистота, со надоместок.

Член 9

Метењето и миењето на јавните сообраќајни површини се врши во време утврдено со Годишната програма за јавна чистота.

Чистење (метење) на јавните сообраќајни површини во градот се врши како следува:

- во зимскиот период од 01 ноември до 31 март од 7,оо до 14,оо часот;

- во летниот период од 01 април до 31 октомври од 6,оо до 13,оо часот;

Миењето на улиците во градот предвидени со Програмата за работа како следува:

- од 01 ноември до 31 март во зависност од временските услови-се мијат или не се мијат ако е температурата од 4 степени целзиусови;

- од 01 април до 31 октомври миењето се врши помеѓу 22,оо - 05 часот наредниот ден.

Член 10

Чистењето на јавните сообраќајни површини во зимски услови се извршува во согласност со посебна Програма донесена од страна на Советот на Општината.

Член 11

На јавните и сообраќајни површини не е дозволено:

-фрлање и оставање на хартија, опушоци, амбалажа, земја, песок, шут, отпадоци од градежен материјал и други отпадоци, освен на местата определени за таа намена;

-запалување, уништување и закопување на комуналниот цврст и технолошки отпад;

- излевање и пуштање на отпадни води и други течности;

- уништување на огради, клупи, натписи, садови за отпадоци и слично;

- миење на автомобили;

- сечење и цепење на дрва и јаглен;

-паркирање на возила надвор од определените места за таа цел, утовар и истовар на возила, особено на места каде што се наоѓаат улични хидранти, шахти и сливиници;

- поправање или сервисирање на возила (замена на масло или механички поправки) и вршење на други занаетчиски работи;

-мешање на бетон, малтер и други слични материјали, освен во посебни случаи за кои треба да се има одобрение од надлежното Министерство;

-исфрлање на отпад и други отпадоци од моторни возила;

-оставање на нерегистрирани хаварисани возила, приколки и камп-приколки;

-растурање на отпадоци од вреќи, контејнери и корпи;

-поставување контејнери за отпад, канти и слично надвор од определеното место за таа цел;

- депонирање на шталско ѓубре, освен на земјоделско земјиште надвор од градежниот реон;

- сместување на разни стоки, амбалажа огрев и други материјали без одобрени на Одделението за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес;

Член 12

Отпадоците што се создаваат со изведување на градежни, индустриски, преработувачки и занаетчиски работи кои немаат својство на комунален цврст и технолошки отпад и тоа: градежен отпаден материјал, земја, згура, кал (инертна или не штетна) камења керамички крш, санитарни уреди, метални предмети, инвентар, стар мебел, хаварисани возила и нивни делови и сл. лицата кои создаваат, сами ги отстрануваат, транспортираат и депонираат на просторите определени за таа цел.

Член 13

Остранувањето на живи и угинати животни скитници од јавно прометните површини се врши согласно посебна Програма усвоена од Советот на Општината,во согласност со Закон.

III. СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛНИОТ ЦВРСТ ОТПАД И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНА ЧИСТОТА

Член 14

Собирањето и транспортирањето на комуналниот цврст отпад, во градовите и населените места го врши давателот на услугата Јавното претпријатие организирано и континуирано врз основа на усвоена Годишна Програма за работа.

Член 15

Сопствениците, односно корисниците на станови и станбени објекти, на објекти на правни и физички лица за вршење на дејност на земјиштето што им припаѓа за употреба на тие објекти, како и на неизградено градежно земјиште, должни се на давателот на услугата да му достават точни податоци за површините што им се во сопственост или ги користат, како и за промените во поглед на површината, сопственоста или адресата.

Податоците од претходниот став на овој член се доставуваат заради утврдување на надоместокот што корисниците на услугите го плаќаат за собирање и транспортирање на комуналниот цврст и технолошки отпад.

Член 16

За настанатите промени од член 15 на оваа Одлука, сопственикот, односно корисникот на површините, го известува давателот на услугата, во рок од 30 дена, од денот на настанатата промена.

Ако за промената во поглед на сопственоста не е известен давателот на услугата, надоместокот за собирање и транспортирање на комуналниот цврст и технолошки отпад го плаќа поранешниот сопственик.

Член 17

Комуналниот цврст отпад, корисниците на услугите го собираат и сместуваат во посебни садови за отпад.

Типот, видот и бројот на садовите за отпад согласно со утврдената технологија,ги определува давателот на услугата,по претходна согласност на Општината.

Локациите за садовите од ставот 2 на овој член на предлог на давателотна услугата ги утврдува комуналната и санитарната инспекција.

Член 18

Садовите за сместување на комуналниот цврст отпад ги набавува давателот на услугата на товар на корисникот.

Член 19

Корисниците на услугите во договор со давателот на услугата можат да вршат издвојување и селектирање по видови на отпад, кои со дополнителна доработка или преработка можат да се употребат како секундарна суровина.

Отпадоците од ставот 1 на овој член се остваат во посебно обележани садови и амбалажа, на места што ќе ги определи надлежниот Орган на Општината.

Член 20

Отпадокот од здравствените институции од стационарен тип(клинички блокови и поликлиники), како и употребените средства и санитетски материјал со потенцијални патогени особини, институциите се должни да го обработат и ослободат од штетни влијанија пред неговото натамошно постапување.

Член 21

Секој сопственик, односно корисник на станови и станбени објекти, на објектите на правни и физички лица за вршење на дејност,на земјиште што им припаѓа на тие објекти, како и на неизградено градежно земјиште,плаќа надоместок за собирање и транспортирање на комунален цврст и технолошки отпад.

Надоместокот се плаќа одвоено за изграден и неизграден простор.

Член 22

Произведувачот на технолошкиот отпад е должен да го преработи и складира технолошкиот отпад што настанува со вршење на дејностите на начин утврден со Закон.

Член 23

Плаќањето на комуналните услуги се

врши во следните мерни единици:

- одржување на хигиена во градски и други населби - во ден./м²;
- одржување на хигиена во стопанство - во ден./м²;
- собирање и транспортирање на комунален цврст отпад - во ден./тон.

Член 24

Доколку корисникот на услугата не плати две сметки во текот на годината, давателот на услугата има право да ја прекине истата.

За прекинување на услугата се известува корисникот и надлежниот комунален инспекторат.

Член 25

Давателот на услугата е должен комуналниот цврст отпад да го собира и транспортира најмалку два пати во неделата.

Во делови од подрачјето на општината, каде што на возилата на давателот на услугата е отежнат пристапот, отпадот од претходниот став на овој член се изнесува најмалку еднаш неделно.

Доколку во одделни подрачја на општината возилата на давателот на услугите немаат пристап, надлежниот општински орган и давателот на услугата определуваат локации за одлагање на комунален цврс отпад до негово собирање и транспортирање, како и динамика на собирање.

На подрачјето на општината собирањето и транспортирањето на комуналниот цврст отпад од корисниците на услугата се изнесува од страна на граѓаните на определено место и во времето од 7,оо до 9,оо часот наутро.

Давателот на услугата е должен отпадот да го подигне и депонира најдоцна до 13,оо часот во тековниот ден.

Член 26

Давателот на услугата при собирањето и транспортирањето на комуналниот цврст отпад е должен да води грижа отпадот да не се растура, да не се крева прав и да не се создава прекумерна бучава, да не се валкаат садовите за отпад, а по преземањето на отпадот садовите да се вратат на локацијата.

Член 27

Депонирањето на комуналниот цврст отпад што го создаваат корисниците на услугите од подрачјето на општината се врши исклучиво на депонијата определена од страна на општината или надлежниот државен орган.

IV. ФИНАНСИРАЊЕ

Член 28

Средствата за одржување на комунални дејности се остваруваат од:

-дел од надоместокот за употреба на градежно земјиште(утврден со посебна Одлука на Советот);

- цената на комуналната услуга;
- Буџетот на општината;
- други средства утврдени со Закон.

Член 29

Средствата за собирање и транспортирање на комуналниот цврст отпад се остваруваат од надоместокот што корисниците го плаќаат.

V. НАДЗОР

Член 30

Надзор над примената на оваа Одлука врши Министерството за животна средина.

Член 31

Инспекциски надзор над примената на Законот за одржување на јавната чистота, собирање и транспортирање на комуналниот цврст и технолошки отпад и на оваа Одлука врши комуналниот инспектор на Општината.

VI. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 32

За непочитување на оваа Одлука ќе се применуваат казнените одредби определени во:

- Закон за одржување на јавната чистота, собирање и транспортирање на комуналниот цврст и технолоишки отпад;
- Закон за отпадот;
- Закон за заштита и унапредување на животната средина и природата; и
- Закон за комунални дејности.

VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 33

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Статутарно-правната комисија
Игор Андреев с.р.

44.

Врз основа на член 43, став 1, а во врска со член 45 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Комисијата за давање предлози за избор, именување и мандатни прашања на Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.03.2004 година, донесе

О Д Л У К А
за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец април 2004 година

Член 1

За месец април 2004 година на членовите на Советот на Општина Велес им се определува надоместок за присуство на одржана седница на Советот на Општина Велес, без оглед на времетраењето на седницата во износ од 30% од просечната месечна плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци, и надоместок за патни и дневни трошоци во висина од 8% од просечната исплатена месечна нето плата за последните три месеци во Република Македонија.

Член 2

За месец април 2004 година на членовите на Советот на Општина Велес и надворешни членови им се утврдува надоместок за присуство и работа на седниците на работните тела на Советот на Општина Велес, без оглед на времетраењето на седницата во износ од 8% од просечната месечна плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци.

Доколку на денот на одржувањето на седница на Советот на Општина Велес, се одржува седница на работно тело-одбор или комисија, надоместок за присуство и работа на седниците на работните тела на членовите на Советот не им се исплатува.

Член 3

На претседателот на Советот на Општина Велес за месец април 2004 година му се определува надоместок на трошоците во износ од 9.000,оо денари.

Член 4

На членовите на Советот ,определени за склучување на бракови им се определува надоместок во износ од 500,оо денари ,за секој ден на ангажираност за склучување на бракови без оглед на тоа колку бракови членот склучил во тој ден.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец март ("Сл.гласник на Општина Велес"бр.1/04).

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес",а ќе се применува за месец Април.

Број 1001-630/3
05.04.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за давање предлози за избор,именување и мандатни прашања
Марјанчо Николов с.р.

Бр на акт	Содржина	Страница
24	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за дополнување на одредбите на Основниот урбанистички план на Велес** **О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за дополнување на одредбите на Основниот урбанистички план на Велес**	57
25	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на ДУП за дел од МЗ "Алексо Демниевски" локалитет “Благој Ѓорев" Велес** **О Д Л У К А на измена и дополнување на ДУП за дел од МЗ"Алексо Демниевски" локалитет "Благој Ѓорев" Велес**	57
26	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за донесување на ДУП за Тунел 1 -локалитет "А”** **О Д Л У К А за донесување на Детален урбанистички план Тунел 1-локалитет "А”**	58
27	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за воспоставување на Програма за локален економски развој на Општина Велес** **О Д Л У К А за воспоставување на Програма за локален економски развој на Општина Велес**	59
28	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за отуѓување на основни средства товарно моторно возило кипер ФАП и утоварувач** **О Д Л У К А за отуѓување на основни средства товарно моторно возило кипер ФАП и утоварувач**	60
29	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Установата "Рацинови средби" Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Установата „Рацинови средби"- Велес**	61
30	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Јавната установата за деца- Детска градинка "Димче Мирчев" Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка „Димче Мирчев"- Велес**	61
31	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2003 година**	62

Бр на акт **Страница**

З А К Л У ЧО К за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2003 година

32 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2004 година** 62

З А К Л У ЧО К за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2004 година

П Р О Г Р А М А за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година

33 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација во населени места во Општина Велес за 2003 година** 64

З А К Л У ЧО К за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација за населени место во Општина Велес за 2003 година

34 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата за работа на комуналниот инспектор во периодот од 1-ви јануари до 31-ви декември 2003 година** 64

З А К Л У ЧО К за прифаќање на Информацијата за работата на комуналниот инспектор во периодот од 1-ви јануари до 31-ви декември 2003 година

35 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата за состојбата со автотакси превозот на патници на територијата на Општина Велес** 65

З А К Л У ЧО К за прифаќање на Иформацијата за состојбата со автотакси превозот на патници на територијата на Општина Велес

36 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата за состојбата со јавниот градски и пригрдски превоз на патници на територијата на Општина Велес** 65

З А К Л У ЧО К за прифаќање на Информацијата за состојбата со јавниот градски и приградски превоз на патници на територијата на Општина Велес

37 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата за уреденоста и состојбата на детските забавни паркови и поставената урбана опрема во Општина Велес** 66

Бр на акт **Страница**

З А К Л У ЧО К за прифаќање на Информацијата за уреденоста и состојбата на детските забавни паркови и поставената урбна опрема во Општина Велес

38 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за неприфаќање на Завршната сметка на Установата Фестивал на античка драма "Стоби" - Велес** 66

З А К Л У ЧО К за неприфаќање на завршната сметка на Установата фестивал на античка драма "Стоби" Велес за 2003 година

39 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Установата Фестивал на античка драма "Стоби" Велес за 2003 година** 67

З А К Л У ЧО К за усвојување на Извештајот за работа на Установата фестивал на античка драма "Стоби" Велес за 2003 година

40 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Установата Фестивал на античка драма "Стоби" Велес за 2004 година** 67

З А К Л У ЧО К за усвојување на Програмата за работа на Установата фестивал на античка драма "Стоби" Велес за 2004 година

41 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Локален акционен план за работа на Комисијата за полова рамноправност при Советот на Општина Велес и План за работа во првите шест месеци од 2004 година** 68

З А К Л У ЧО К за прифање на Локален акционен план за работа на Комисијата за полова рамноправност при Советот на Општина Велес и Планот за работа во првите шест месеци од 2004 година

42 **О Д Л У К А за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес (пречистен текст)** 68

43 **О Д Л У К Аза начинот и постапката за одржување на јавната чистота, собирање и транспортирање на комуналниот цврст и технолошки отпад на подрачјето на Општина Велес** (пречистен текст) 77

44 **О Д Л У К А за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец април 2004 година** 80

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, одговорен уредник Петре Најдов

телефон:232-966, Жиро-сметка 300-27000000-48